Вкж1.бр.11/2018

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Ристо Катевеновски - претседател на советот, Шпенд Деваја, д-р Џемали Саити, Рахилка Стојковска и Африм Фидани - членови на советот, со виш судски соработник Маја Настева - записничар, одлучувајќи по жалбите на обвинетите Љ.А. од О., Б.И. од О., В.Ј. од С., поднесени преку бранителот Донче Наков, адвокат од Адвокатска канцеларија „Наков и Бошков“ од Ш., на Б.Д. од С., поднесена преку преку бранителот Светозар Ристески, адвокат од С. и на обвинетиот В.Ј., поднесена преку бранителот Ставре Џиков, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, по претходно прибавениот писмен предлог на Јавниот обвинител на Република Македонија КОЖ.бр.19/2018 од 11.04.2018 година и по одржаната седница на советот на ден 18.04.2018 година, во присуство на Јавниот обвинител на Република Македонија Исмаил Дарлишта, обвинетите Љ.А. од О., Б.И. од О., В.Ј. од С. и Б.Д. од С., нивниот бранител Данче Наков, адвокат од Адвокатска канцеларија „Наков и Бошков“ од Ш., бранителот на обвинетиот В.Ј., адвокат Ставре Џиков од С., обвинетиот Б.Д. и неговиот бранител Светозар Ристески, адвокат од С., врз основа на член 171 став 6 во врска со член 443 став 3 од Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.150/2010, бр.100/2012 и бр.142/16), донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбите на обвинетите Љ.А. од О., Б.И. од О., В.Ј., поднесени преку бранителот Донче Наков, адвокат од Адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш., на обвинетиот В.Ј., поднесена преку бранителот Ставре Џиков, адвокат од С. и на обвинетиот Б.Д., поднесена преку бранителот Светозар Ристески, адвокат од С., **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВААТ**.

Решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, **СЕ ПРЕИНАЧУВА** така што мерката куќен притвор определена по основ од член 165 став 1 точка 2 од Законот за кривичната постапка се укинува, бидејќи не постојат причините поради кои е продолжена по тој основ **.**

Жалбите на обвинетите во делот кој се однесува на член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка се одбиваат како неосновани, и во тој дел решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, **СЕ ПОТВРДУВА** и на обвинетите им се определува.

**МЕРКА КУЌЕН ПРИТВОР И ТОА ЗА:**

- Љ.А. од О. со ЕМБГ ………. на кого со решение на судијата на претходна постапка КОК-ПП.бр.384/17–3 од 05.12.2017 година му е определена мерка притвор, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.256/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.15/2018 од 26.01.2018 година, потоа укината и определена мерка куќен притвор со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.95/2018 од 21.02.2018 година, **СЕ ПРОДОЛЖУВА** за уште 30-дена и сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело – „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор определени со одредбата од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

- Б.И. од О. со ЕМБГ ………….. на кого му е определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.384/17-19 од 29.11.2017 година, продолжен со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.272/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.32/18 од 26.01.2018 година, потоа укината и определенА мерка куќен притвор со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.108/2018 од 21.02.2018 година, **СЕ ПРОДОЛЖУВА** за уште 30-дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело – „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ по член 313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор определени со одредбата од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

- В.Ј. од С. со ЕМБГ ………., на кого му е определена мерка куќен притвор со решение на судијата на претходна постапка КОК ПП.бр.384/17-20 од 28.11.2017 година, преиначена во мерка притвор со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.210/2017 од 01.12.2017 година, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.273/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.32/2018 од 26.01.2018 година, потоа укината и определена мерка куќен притвор со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.109/18 од 22.02.2018 година **СЕ ПРОДОЛЖУВА** за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 24.03.2018 година до 23.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело – Терористичко

загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за постоење на мерката куќен притвор определени со одредбата од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

- Б.Д. од С. со ЕМБГ ..........., на кого му е определена мерка куќен притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.384/17-31 од 28.11.2017 година, преиначена во мерка притвор со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.202/17 и КИОК-КС.бр.209/17, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.271/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.30/2018, потоа укината и определена мерка куќен притвор со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.121/18 од 21.02.2018 година **СЕ ПРОДОЛЖУВА** за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за постоење на мерката куќен притвор определени со одредбата од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

Во останатиот дел решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, **СЕ ПОТВРДУВА**.

## О б р а з л о ж е н и е

Апелациониот суд Скопје со решение КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.66/2017 од 20.03.2018 година го уважил. Мерката куќен притвор против обвинетиот **ЉА. од О.,** на кого со решение на судијата на претходна постапка КОК-ПП бр.384/17-3 од 05.12.2017 година, му е определена мерка притвор, продолжена со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС бр.256/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.15/18 од 26.01.2018 година за уште 30 дена и мерката притвор е укината и определена е мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.95/18 од 21.02.2018 година, сметано од 21.02.2018 година до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година**,** во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член

165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП.Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација.На обвинетиот Љ.А. забрането му е во времето определено решението да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул ………. бр……, О., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор, согласно член 163 став 4 на ЗКП. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС О., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, да го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **О.Р. од С.,** на кого му е определена мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на првостепениот суд КОК-ПП бр.384/17-12 од 28.11.2017 година и продолжена со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС бр.265/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.24/18 од 26.01.2018 година со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелационен суд Скопје КСЖ.бр.103/18 од 21.02.2018 година, сметано од 21.02.2018 година до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година**,** во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП.Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација. На обвинетиот О.Р. забрането му е во времето определено со решението да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул ……….. бр………, С., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС С., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **И.Ц. од С.,** на кого му е определена мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.384/17-17 од 29.11.2017 година, продолжена со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС-270/17 од

27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.29/18 од 26.01.2018 година, со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелационен суд Скопје КСЖ.107/18 од 21.02.2018 година, сметано од 21.02.2018 година до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против осомничениот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП. Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација. На обвинетиот И.Ц. забрането му е во времето определено со решението да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул ……….. бр……, С. – Ѓ.П., Н.С., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС С., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **Б.Д. од С.,** на кого му е определена мерка куќен притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-ПП.бр.384/17-31 од 28.11.2017 година**,** сметано од 28.11.2017 година до 28.12.2017 година, преиначена во мерка притвор во траење од 30 дена со решение на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК КС.бр.202/17 и КИОК-КС.бр.209/17, сметано од неговото спроведување во КПУ З. С. С., мерката притвор е продолжена со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК КС.бр.271/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.30/18 со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.121/18 од 21.02.2018 година, сметано од 21.02.2018 година до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП.Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација. На обвинетиот Б.Д. забрането му е во времето определено со ова решение да го напушта местото каде

што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул……….. бр………., С., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС С., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **Б.И.,** на кого определена е мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-ПП.бр.384/17-19 од 29.11.2017 година, продолжен со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КИОК-КС.бр.272/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.32/18 од 26.01.2018 година, со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелационен суд Скопје КСЖ.бр.108/18 од 21.02.2018 година, сметано од 21.02.2018 година до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП. Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација.

На обвинетиот Б.И. забрането му е во времето определено со ова решение да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул………. бр…… во О., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС О., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **В.Ј. од С.,** од татко С., мајка Б., роден на ……….. година во П., со адреса на живеење на ул……….. бр………. С., по националност М., државјанин на Р.М., со л.к.бр………… издадена од МВР С., со ЕМБГ …………., на кого определена му е мерка куќен притвор со решение на судија на претходна постапка КОК ПП бр.384/17-20 од 28.11.2017 година, сметано од 28.11.2017 година до 28.12.2017 година, преиначена во мерка притвор во траење од 30 дена со решение на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје 1 Скопје

КИОК-КС.бр.210/17 од 01.12.2017 година, сметано од денот на неговото спроведување во КПУ З. С. С., мерката притвор е продолжена со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.273/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.32/18 од 26.01.2018 година со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определен мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.109/18 од 22.02.2018 година, сметано од 22.02.2018 година до 24.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 24.03.2018 година до 23.04.2018 година**,** во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП. Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично правниот настан и употреба на средства за комуникација. На обвинетиот В.Ј. забрането му е во времето определено со ова решение да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул………… бр……… С., С., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС С., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје. Мерката куќен притвор против обвинетиот **Ј.Ч. од П.,** од татко К., мајка В., роден на ……….. година во П., со адреса на живеење на ул……….. бр………, П. по националност М., државјанин на Р.М., со л.к.бр………. издадена од МВР В., со ЕМБГ …………., на кого определена му е мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.384/17-31 од 29.11.2017 година, продолжен со решенија на кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.282/17 од 27.12.2017 година и КИОК-КС.бр.18/18 од 26.01.2018 година со секое решение за уште 30 дена и мерката притвор е укината и е определена мерка куќен притвор во траење од 30 дена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.98/18 од 21.02.2018 година, сметано до 23.03.2018 година, ја продолжил за уште 30-триесет дена и тоа сметано од 23.03.2018 година до 22.04.2018 година**,** во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од Кривичниот законик, а поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, определени со одредбата од член 165 ст. 1 т. 1 и 2 и согласно чл.163 ст.1 од ЗКП.Согласно чл.163 ст.3 од ЗКП, забрането му е на обвинетиот комуникација со лицата опфатени со кривично

правниот настан и употреба на средства за комуникација.На обвинетиот Ј.Ч. забрането му е во времето определено со ова решение да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул…….. бр…….., П., без дозвола од судот и доколку обвинетиот не се придржува кон забраните, против истиот ќе се определи мерка притвор. Определено е надзорот над куќниот притвор да го спроведува МВР на РМ, СВР ПС П., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Во предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција КО.бр.66/2017 од 20.03.2018 година за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетите Љ.А., О.Р., И.Ц., Б.Д., Б.И., В.Ј. и Ј.Ч., се наведени образложени причините поради кои постојат основите предвидени во член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, поединечно за секој од обвинетите. Во однос на сите обвинети е наведено дека постои опасност од нивно бегство, како и дека можно е да влијаат врз сведоците, имајќи ја предвид организираноста на вршењето на кривичното дело. Се наведува дека во конкретниот кривичен правен предмет од страна на Обвинителството е спроведената истражна постапка, каде биле поднесени голем број на барања за податоци од мобилни оператори, по кои делумно е постапено, дадени биле наредби за вештачење на телефони, кои исто така во дел е постапено, сослушани се обвинетите и сослушани сведоците кои произлегуваат од спроведувањето на истражната постапка. На обвинетите и на нивните бранители им се доставени известувања за завршена истражна постапка, дел од бранителите на обвинетите биле во Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција каде им бил доставен доказниот материјал за што се доставени и записници, во тек е и гледањето од страна на бранителите на обвинетите на видео материјалите кои се однесуваат на обвинетите и по завршувањето на наведените дејствија и по истекот на законските рокови дека ќе биде донесена соодветна јавно обвинителска одлука.

Против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година, со кое е уважен предлогот на Јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, навремени жалби до Врховниот суд на Република Македонија поднесоа обвинетите: Љ.А. од О., Б.И. од О. и В.Ј. од С., преку бранителот Донче Наков, адвокат од Адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш., обвинетиот В.Ј. и преку бранителот Ставре Џиков, адвокат од С., како и обвинетиот Б.Д. од С., преку бранителот Светозар Ристевски, адвокат од С..

Во жалбите на обвинетите Љ.А. од О., Б.И. од О. и В.Ј. од С., поднесени преку бранителот Донче Наков, адвокат од Адвокатско друштво „Наков и Бошков“ од Ш., кои по својата содржина се идентични,

се наведува дека со решението за продолжување на мерката куќен притвор е сторена повреда на одредбите од член 415 став 1 точка 11 од Законот за кривичната постапка, бидејќи диспозитивот на решението е нејасен и неразбирлив, односно решението е противречно самото на себе и на причините поради кое е донесено, како и дека погрешно е утврдена фактичката состојба, кога судот утврдил дека постојат причините предвидени од член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, кој го оправдуваат продолжувањето на мерката куќен притвор. Се наведува дека судот не утврдил било каков конкретен факт во поткрепа на неговиот заклучок дека мерката куќен притвор може и треба да се продолжи, не дава ниту еден карактеристичен аспект на карактерот или однесувањето на обвинетите, кои што би дале и најмало сомнение дека истите би се дале во бегство. По однос на личните прилики на обвинетиот Љ.А. од О., се наведува дека тој е семеен човек, образован и примерен, државјанин на Р.М. кој не поседува патна исправа на друга земја. Татко е на едно дете и долгогодишен доктор во О. болница, од кои последните 10 години бил и директор на истата. Обвинетиот Љ. немал намера да се сокрие од органите на прогонот, кое нешто се потврдува со тоа што тој самиот се јавил на распит пред судот, од каде произлегува дека тој ниту се криел, ниту пак, пробал да се даде во бегство.

По однос на личните прилики на обвинетиот Б.И. од О., се наведува дека тој е млад човек со постојано живеалиште во земјата, кој има план набрзо да склучи брак и да оформи свое потесно семејство. За обвинетиот Б.И., се наведува дека не поседува патна исправа на друга земја, дека тој се грижи за неговата мајка и неговите двајца браќа кои се студенти, од каде според подносителот произлегува дека истиот не би се дал во бегство, односно не би се криел од органите на прогонот. Како поткрепа на опасноста од бегство, се наведува дека тој на распит пред судијата на претходна постапка, јасно ја искажал својата намера дека нема да се крие на органите на прогонот, поради фактот што истиот сам се јавил на распит пред судот.

По однос на обвинетиот В.Ј., се наведува дека тој е фамилијарен човек, образован, со оформено потесно семејство, сопруг и татко на три деца од кои две се малолетни. Се посочува дека тој е со постојано живеалиште во Р.М. и не поседува патна исправа на друга држава. Станува збор за човек кој ужива углед и е позната личност – актер, со познато реноме во земјата и пошироко. Исто така, се наведува дека обвинетиот нема намера да бега, ниту да се крие на органите на прогонот, за кое говори и фактот што истиот сам се јавил на распит пред судот. Обвинетиот патувал надвор од Р.М. само службено, бидејќи неговите материјални можности тоа не му го дозволуваат.

По однос на точката 2 од член 165 став 1 од Законот за кривичната постапка, односно попречувањето на кривичната постапка со влијание врз сведоци и вештаци, како и можноста обвинетите да ги сокријат, фалсификуваат или уништат трагите поврзани со овој кривично-правен настан, во сите жалби се наведува дека со оглед дека

истрагата е веќе завршена, опстојувањето на точката 2 е веќе беспредметна и не може истата да опстои, бидејќи Јавното обвинителство веќе ги има прибрано и обезбедено сите докази.

Во жалбата на обвинетиот В.Ј., поднесена преку бранителот Ставре Џиков, адвокат од С., се наведува дека судот утврдил нецелосна и погрешна фактичка состојба кога утврдил дека постојат причините предвидени во член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, кои го оправдуваат продолжувањето на мерката – куќен притвор, без притоа да даде поконкретна анализа и образложение на секоја одделна основа, засновајќи го решението врз парафразирање на условите за продолжување на наведената мерка. Според подносителот, неприфатливо е продолжување на мерката – куќен притвор за обвинетиот, пред се од причина што  не постои никакво сомневање за негово бегство, односно криење од органите на прогонот, бидејќи обвинетиот својот исказ веќе го дал пред првостепениот суд и пред Кривичниот совет на Апелациониот суд Скопје, каде што гарантира дека нема да ја попречува кривичната постапка се до нејзиното правосилно завршување. Исто така се истакнува дека тој е родител, татко на три деца, актер кој што е познат во нашата земја и надвор, кој со неговото поведение воспитно влијаел на низа генерации од каде се заклучува дека тој нема никаква намера да се даде во бегство. Смета дека со континуираното продолжување на мерката притвор сторена е и повреда на членот 5 став 1 точка 1 од Европската конвенција за човековите права и дека судовите при одлучувањето треба да ја имаат во предвид и судската пракса на Европскиот суд. Се наведува дека не постојат можности обвинетиот да влијае врз сведоците или соучесниците како и да ги сокрие трагите поврзани со кривично правниот настан, бидејќи веќе истрагата е завршена и неспорно произлегува дека не може да се влијае на соучесниците или другите сведоци.

Во жалбата на обвинетиот Б.Д. од С., поднесена преку бранителот Светозар Ристески, адвокат од С., се наведува дека судот ја продолжува мерката куќен притвор без основано сомнение дека обвинетиот го сторил делото кое му се става на товар како прв услов за определување на ваква мерка. Обвинетиот во досегашниот период ниту бегал ниту има докази или барем индиции дека планира бегство, на кое укажуваат и приликите односно карактерот, моралот и статусот на обвинетиот. Воедно уште на почетокот обвинетиот знаел дека биле поведени постапки за повеќе лица поврзани со настанатите од 27-ми април 2017 година, меѓутоа  сам се пријавил во П.С. Ц., иако имал индиции за какво кривично дело станува збор и колкава е запретената казна затвор за истото. Смета дека нема можност да се влијае на сведоците бидејќи истрагата е завршена, а неговото ослободување од мерката куќен притвор би влијаело врз остварувањето на неговото право на одбрана кое е загарантирано со член 6 од Европската конвенција за човековите права. Се наведува дека основите за притвор мора да бидат прецизно наведени и предвидени согласно закон во смисла на Европската конвенција за човековите права и дека секој притвор треба да биде заснован врз прецизно предвидена правна основа со јасно определени

правила. Апелациониот суд во нападнатото решение не дал аргументи кои водат во прилог на постоењето на императивно поставен правен интерес. Во образложението на жалбата се посочуваат индивидуалните особености на обвинетиот дека тој е режисер, уметник, општественик, врвен интелектуалец, чесен човек, роден и растен далеку од М., едуциран во САД и уметник кој ужива квалификувана заштита на своите уметнички консталации. Тој не е склон ниту има опасност да стори такво кривично дело какво што му се става на товар, а слободата на изразување како една од суштинските основи на демократското општество еден од главните мотиви обвинетиот да се занимава со уметноста. Смета дека определената мерка куќен притвор е строга мерка за обезбедување и смета дека се исполнети законските услови истата да биде укината и обвинетиот да биде пуштен да се брани од слобода или да му се изрече друга мерка за обезбедување.

Јавниот обвинител на Република Македонија, постапувајќи во рамките на своите законски овластувања согалсно член 421 став 2 од Законот за кривичната постапка,  до овој суд достави писмен предлог КОЖ.бр.19/2018 од 11.04.2018 година, во кој предложи жалбите да се одбијат како неосновани.

Врховниот суд на Република Македонија, постапувајќи по истакнатите предлози во претходно цитираните жалби на обвинетите за одржување на јавна седница на која ќе присуствуваат обвинетите и нивните бранители на ден 18.04.2018 година, врз основа на член 444 во врска со член 421 став 3 од Законот за кривичната постапка одржа јавна седница на која присуствуваа Јавниот обвинител на Република Македнија Исмаил Дарлишта, обвинетите ЉА., Б.И., В.Ј. и нивниот бранител Донче Наков, адвокат од Адвокатско друштво „Наков и Бошков„ од Ш., како и бранителот на обвинетиот В.Ј., Ставре Џиков, адвокат од С. и обвинетиот Б.Д. и неговиот бранител Светозар Ристовски адвокат од С..

Бранителите на обвинетите на одржаната седница, наведуваат дека остануваат во целост при наводите во поднесените жалби истакнувајќи за секој од обвинетите посебни околности во врска со нивната лична, семејна и материјална состојба, како и околности дека истите нема да се дадат во бегство.

Јавниот обвинител на Република Македонија Исмаил Дарлишта, на одржаната седница наведе дека во целост останува при писмениот предлог и смета дека Апелациониот суд Скопје во своето решение дал доволно образложени причини за продолжувањето на мерката притвор за обвинетите.

Исто така, секој од обвинетите поединечно се произнесе дека во целост се согласува со одбраната на бранителите изнесена на седницата како и со наводите содржани во жалбите. Воедно обвинетите подетално ги образложија околностите за секој од нив кој се од лична природа, нивните семејни и материјални прилики како гаранција дека

истите нема да се дадат во бегство или на било кој друг начин дека ќе бидат недостапни на органите за прогон.

Врховниот суд на Република Македонија по извршениот увид во списите приложени кон предметот, наводите во жалбите, наводите истакнати на одржаната седница, а имајќи го во предвид писмениот предлог на Јавниот обвинител на Република Македонија и предлогот изнесен на одржаната седница најде:

Жалбите на обвинетите делумно се основани.

Ценејќи ги наводите од жалбите на обвинетите Љ.А., Б.И., Б.Д. и В.Ј., со кој се побива постоењето на причините за определување и продолжување на мерката притвор во смисла на член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/2010 и бр.100/2012), Врховниот суд на Република Македонија најде дека тие се неосновани. Овој суд во целост го прифаќа делот од образложението на решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година за понатамошно постоење на причините за продолжување на мерката притвор во смисла на членот 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

Во конкретниот случај околностите поврзани со специфичноста, видот и тежината, објектот на заштита, начинот на извршувањето на кривичното дело за кое постои основано сомневање дека е сторено од обвинетите, како и видот и висината на предвидената казна за тоа дело во корелација со другите околности кои постојат кај секој од обвинетите, упатуваат на постоење на опасност од бегство доколку истите бидат пуштени да се бранат од слобода. Воедно, овој суд наоѓа дека Апелациониот суд правилно оценил дека семејната состојба, односно оформеното потесно семејство на обвинетите Љ.А., Б.Д. и В.Ј., не претставуваат доволно гранација за обезбедување нивно присуство во оваа фаза од постапката. Со оглед на наведеното овој суд наоѓа дека постојат причините за продолжување на мерката притвор во смисла на член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

Но, Врховниот суд на Република Македонија делумно ја уважи жалбата на обвинетите и констатираше дека се основани наводите од жалбите во делот со кој се оспоруваат причините поради кои Апелациониот суд Скопје констатирал дека во кривичниот предмет кој се води против обвинетите Љ.А., Б.И., Б.Д. и В.Ј. сеуште постојат законските основи за продолжување на мерката притвор во смисла на член 165 став 1 точка 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10 и бр.100/12). Ова, пред се и од причина што од увидот во списите на предметот произлегува дека истрагата е веќе завршена и на обвинетите и на нивните бранители им се доставени известувања за завршена истражна постапка, од каде произлегува дека не постои можност за попречување на кривичната постапка.

По оценка на овој суд, исполнети се сите услови за продолжување на мерката куќен притвор предвидени со одредбата од член 163 став 1 во врска со член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка и судот смета дека ваквата мерка ќе претставува доволна гаранција за обезбедување на присуство на обвинетите, заради успешно водење на постапката.

Со оглед на наведеното Врховниот суд на Република Македонија делумно ги уважи поднесените жалби, а решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.194/2018 од 21.03.2018 година го преиначи така што куќниот притвор против обвинетите Љ.А., Б.И., Б.Д. и В.Ј. го продолжи само поради основот од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, па одлучи како во изреката на ова решение врз основа на член 171 став 6 во врска со член 443 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ број 150/2010 и број 100/2012).

Решено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 18.04.2018 година под Вкж1.бр.11/2018.

Виш судски соработник - записничар
Маја Настева с.р.

Претседател на советот - судија
Ристо Катевеновски с.р.

За точноста на отправокот тврди: секретар